Радко НАЧЕВСКИ

**УДК: 304(100):355.1**

# ВОЕНАТА ДИМЕНЗИЈА НА СТРАТЕГИСКИОТ КОНТЕКСТ „ГЛОБАЛИЗАЦИЈА“ ПО 11 СЕПТЕМВРИ 2001 ГОДИНА

## *Увод*

Глобалните политички, економски и воени состојби и процеси кои се случуваат на планетарниот простор по громорозните терористички напади од 11 Септември 2001 година во Њујорк и Вашингтон, упатуваат на заклучокот дека по тој настан светот зачекорил во нов историски глобален стратегиски развој (политички, економски и воен). „Глобалната акција на тероризмот“ против најмоќната светска сила, не само што предизвика контра продукт во смисла на“глобална воена реакција“, туку, ширум ги отвори портите на нов циклус на „ширење“ на просторната димензија на супранационалниот стратегиски контекст „глобализација“ и зацврстување на лидерската позиција на САД во истиот. Од тој аспект, воената димензија на „глобализацијата“, покрај политичката и економската, имала но и понатаму има примарна улога во нејзиното ширење на нови простори на планетата, за кои до тој момент се сметало дека претставуваат неосвоив просторен бастион.

Во трудот се експлицирани суштествените параметри и фактографија кои го потврдуваат дефинираниот заклучок.

## Соединететите американски држави - објект на напад на терористичката цел

За разлика од сите други до сега познати исламски терористички организации и групи, чии цели и објекти на напад главно биле на национално ниво, Ал - Каида претатавува „*модерна и софистицирана*

*терористичка организација*", односно, „*конфедерација на верски фанатици со исти погледи*" која, како глобална стратегиска цел го детерминирала уништувањето на Западната цивилизација. Тоа го потврдуваат анализите на повеќе еминентни експерти од политичката, економската, социолошката, воено-политичката и друга научна провениенција кои упатуваат на заклучкот дека мотивот за преземањето на грозоморните терористички акти во Њујорк и Вашингтон имале единствена стратегиска цел: ***ескалација на „акцијата" од обезвреднување до рушење на „митот на западниот дух" и на неговите системски цивилизациски вредности.***

Според Магнус Ранстроп[1)], специфичноста на оваа терористичка организација и на нејзиниот водач е што тие успеле да го"**глобализираат тероризмот**", појаснувајки дека нивните истомисленици и следбеници се *регрутираат од сите страни на светот,* користејки го тој „огромен резервоар од луѓе како сила за удар против своите непријатели". Имено, истовремениот терористичкиот удар врз трите симболи на моќта на стратегискиот контекст „глобализација"(политички-Белата куќа, економски-Светскиот трговски центар и воен-Пентагон), de fakto покажа дека тероризмот е кренат на ново рамниште, рамниште кое со ништо неможе да се спореди со до сега познатите „класични" терористички активности. Новата димензија на тероризмот станува не потенцијална туку реална *опасност од глобален карактер*. Терористите докажаа дека (непримерна конспиративност на акционите планови - изборот на објектите, силите и средствата )можат да нанесуваат удари на непредвидливи цели и со непредвидлива сила на секој дел врз планетарниот простор.

„Стратезите" на Ал-Каида, определувајки се за САД како објект (простор) на терористичкиот напад, пресметале дека успехот на ударот врз водечката сила на Западната цивилизација, ќе го започне процесот на *ескалација* на „*акцијата*" ширум планетарниот простор се до конеч-

---

[1)] Професор на шкотскиот универзитет „Sent Endruz".

ната реализација на стратегиската цел: рушење на *„митот на западниот дух“* и на неговите системски вредности.

Во таа смисла, за цели на напад (урнување) на американскиот простор, кои би ја покренале лавината на *ескалацијата,* биле избрани ***објектите-симболи*** на политичката, економската и воената моќ на САД, кои истовремено ја претставуваат и моќта на капитал-системот: Белата куќа во Вашингтон, Светскиот трговски центар во Њујорк и Пентагон, кои бинладеновите стратези ги детерминирале како непријатели бр. 1 на Исламот и главни виновници за сите несреќи на муслиманите.

*Урнувањето на Белата куќа* било осмислено со цел на продукција на ранливоста на средиштето на политичката моќ на главниот непријател на Исламската цивилизација. Ранливоста на објектот, од политички аспект на терористичкиот акт, имала за цел да ја поттикне и разгори „светата војна“ на муслиманите против Запад односно, да предизвика глобална меѓуцивилизациска војна помеѓу „исламските верници и (западните) неверници“.

*Урнувањето на двете кули на Светскиот трговски центар,* како симбол на финансиската моќ на Западната цивилизација, според стратегиското сценарио и постигнатиот „успех“ требало да претставува „нај атрактивен“ сегмент на *реализацијата* на „глобалниот удар“. Урнувањето имало за цел продукција на ранливост и предизвикување на хаотична состојба во финансискиот систем со *ескалациј*а до конечен колапс на глобалната финансиската моќ на капитал системот.

Ударот врз објектот на „**мозокот**“ на воената суприматија имала за цел продукција на ранливост на *најголемата гордост* на севкупната глобална стратегиска моќ на САД и Запад, односно, урнување на „митот“ за недопирливост на американскиот простор од глобален воен удар и нескршливост на воената моќ на супердржавата а од тука и на нејзините воено-политички сојузници. Терористичкиот акт бил во функција од *ескалалирање* до *глобализирање* на лавината на“Џихадот“, со крајна стратегиска цел уништување на глобалниот цивилизациски противник.

## Нова продукција на воената димензија на „глобализацијата“

**Глобален дуел на митови - пораз на идеологијата на религискиот тоталитаризам.*

„Глобалната војна против тероризмот“ претставува прва воена операција од таков вид во историјата на војните. Меѓутоа, од продлабочениот етиолошки пристап во анализите на причините и целите кои доведоа до глобалниот терористички удар и воениот одговор на антитерористичката коалиција, произлегува фактот дека станува збор за уште еден преседан во историјата на војувањето - прва глобална војна на митови, војна која се води за уништување на „симболите“ со митска конотација на моќта, на едната и на другата страна. Имено, терористите имаа за цел да докажат дека во супер државата можат да се разурнат темелите на нејзиниот гигантизам - бизнисот, војската и политичката планетарна доминација. САД и сојузниците имаат спротивна цел но со слична симболика - уништувањето на Ал Каида и на талибанскиот режим во Авганистан треба да докаже, дека тероризмот може да се уништи токму во расадникот кој ја шири фамата за неговата неуништивост. Првите, на видливиот непријател да му постанат невидлива опасност, а вторите, на непријателот кој нема лице да му направат препознатлив портрет.

Меѓутоа, вистинската смисла на „Глобалната војна против тероризмот“ не е во водење на војна против „голиот“ тероризам кој претставува само инструмент, туку, тоа е војна чија цел е *пораз или уништување на една идеологија - религиозниот тоталитаризам.* Ако Втората светска војна и „студената војна“ биле водени за да се поразел *секуларниот тоталитаризам* - нацизмот и комунизмот, антитерористичката војна е битка против религискиот тоталитаризам, познат и како „бинладенизам“[2)]

---

[2)] Суштината на филозофијата на „бинладенизмот“ е во синтагмата“: мојата вера мора да биде неприкосновена, а таа може да егзистира и да биде подржувана само ако сите други вери бидат обессилени.

Следбениците на „џихадот“ (света војна), го воздигнуваат Бин Ладен како предодреден водач на борбата против Сатаната и јакнењето на фундаменталистичкиот ислам кој се пенетрира како *глобална сила* на *нова* интернационала, која по фрагментацијата на комунизмот, претставува единствана сила способна да се спротивставува на либерализмот.

Отука, воениот пораз на митот на „бинладенизмот“, како глобална политичко-религиозна исламска интернационала, ширум ги отвора портите на политичка доминација на „либералната демократија“ во новиот глобален геополитички простор, кој досега се сметаше за недопирлив. Во тој контекст, неговото воено уништување, во овој момент на стратегиските процени, има примарно значење.

**Глобалната антитерористичката воена акција во функција на политичката димензија на „глобализацијата“.*

Повикот на претседателот на САД, Буш Џ., до сите влади на светот на 11 Декември 2001 година да одржат комеморации по повод три месеци од терористичкиот напад на Њујорк и Вашингтон, во исто време и на ист начин да ја манифестираат солидарноста со САД а со тоа и нивната припадност во меѓународната коалиција во борбата против глобалниот тероризам, во стратегиската мисла и практика се оценува како глобална солидарност и „разбирање“ на меѓународната заедница кон глобалната политичка димензија на „глобализацијата“. Тоа, од друга страна, подразбира „обезбедување“ на нов глобален геополитички простор за нејзино ширење.[3] Во тој контекст е и падот на неколку други митови: традиционалниот пријател на талибаните, Пакистан, помина

---

[3] Според Буш Џ.,:“Новата ситуација создала сојузништва без преседан во досегашната историја. Така, односите на САД со Русија, Кина и Индија „процутеле“токму во борбата против тероризмот... Поврзувањето на тоа што е неспоиво е императив кој бара посебни сили и вештина. Вашингтон, напоредно со борбата против непријателот ќе се обиде да придобие што поголем број на сојузници како во однос на заедничката борба против тероризмот, така и за тоа што се дефинира како *„**американски систем на вредности**“.*

на страната на нивните непријатели, САД; Русија се приклучи кон активностите на НАТО, а Западната алијанса ги подржува акциите на Москва во Чеченија, констатирајки дека имаат заеднички цели во работите околу кои до сега покажувале „непомирливи" ставови; Вашингтон, кој до терористичката акција ставал до знаење дека за неговите активности од никого не му е потребна помош, од тој момент бара сојузници на сите страни... .

**Урнувањето на талибанскиот режим во Авганистан - практична придобивка на антитерористичката воена акција*

Со преземањето на контролата на Кандахар, најмоќниот духовен и воен бастион на талибанците, од страна на Северната алијанса на 6. 12.2001 година, фактички престана владеењето на Талибаните, кое во историјата на Авганистан е назначено како најцрн период од неговата историја. Во тој контекст, Привремената коалиционата влада на Авганистан определувајки се за политичко устројство по терковите на парламентарната демократија, фактички го прифати и инаугурира новиот стратегиски геополитички продор на „глобализацијата". Отука, просторот на Авганистан, претставува нова просторна основа на континуирано „ширење" на либералните цивилизациски вредности на просторите на Средна Азија, за кои до сега се сметало дека се „неплоден стратегиски парламентарно-демократски простор".

**„Енергетска Јалта"- во функција на креирањето на новата геополитичка и воена карта на Централна Азија*

Неочекуваното брзо воспоставување на сојузништво помеѓу САД и Русија, поттикнато од заедничката опасност - „планетарното терористичко зло", се пренесе и на до сега непомирливото ривалство околу и поради нафтата. Заедничкиот интересен компромис околу нафтената стратегија на Централноазискиот простор создава услови за економска

контрола а од тука и на политичка и воена, што од стратегиски аспект на *„глобализацијата“*, „Енергетската Јалта“ отвора трајни перспективи за креација на ново геополитичко и воено“*мундијално*“ ширење на овие, до сега просторни бастиони на Руските и Кинеските интереси.[4)]

**Историската димензија на новата војна*

Терористичкиот акт врз американскиот простор, во историјата на терористичката активност, според конспиративноста на планираната активност, уништувачката громорозија, изборот на силите и начинот

[4)] Станува збор за „втора (економска) димензија“на глобалната антитерористичка војна. Имено, според голем број на теоретичари од повеќе научни и експертски провениенции, кои пред светската јавност презентираат аргументирана фактографија, вистинската причина за новата војна во Централна Азија, не занемарувајки ја „потерата“ по терористите, е „ловот“ на природните богатства на тие простори. Сценариото е слично како тоа од времето на Заливската војна 1991 година, кога САД и другите мултинационални сили ги ставиле под контрола големите извори и резерви на нафта. Таквата теорија не е без основа. Како што тврди „Арундати Рој“(Индија), Американците, уште во почетокот на последната деценија од минатиот век, се обиделе под контрола да ги стават големите резеви на природен гас во Авганистан. Концернот Сентгас, близок на калифорнискиот Унокал, планирал изградба на џиновски гасовод од Туркменистан - преку Авганистан - до пакистанската обала. По американската воена интервенција во Авганистан, изградбата на центалноазискиот гасовод повторно се актуелизирала. Гасоводот, според плановите, требало да биде долг 1.440 километри со релна цена помеѓу 1,9 и 2,7 млрд.$. Што планира Пентагон? Во некои водечки и информирани американски медиуми директно или индиректно се тврди дека во воените планови на Пентагон сериозно се смета на авганнистанскиот простор низ кој би поминувале нафтовод (нафтата од Узбекистан) и гасовод (туркменистански гас) кои би воделе до Пакистанското пристаниште Карачи. Има идикации дека Москва е согласна со овие планови, но под еден услов: во Кабул да се устоличи режим кој не би бил непријателски расположен кон Русија.Тврдејки дека Централна Азија станува важно подрачје за судбината на светот, Јергин Д., раководител на „Истражувачката асоцијација од Кембриџ“, предупредува дека на нејзината поделба се зацврстува „нова Јалта на светската енергетика помеѓу САД и Русија“. Дека е тоа така, американскиот секретар за енергетика Ејбрам С., на 27 септември 2001 година бил во посета на Новосибирск (Русија), со цел да помогне во завршувањето на работите и отворањето на нафтоводот Caspian Pipeline Consortium. Спојот кој е вреден 2,5 млрд.$, во кој се вклучени и американските „Шеврон“, „Тексакое и „Ексонмобил“ го детерминираат „новиот период на односи и соработка меѓу овие две големи држави и новиот американски продор во огромниот нафтен простор на поранешниот Советски Сојуз“ (US Department of Energy, Washington, 27.11.2001.).

на изведената активност, во досегашната терористичката активност ќе остане запишан како историски чин без преседан. Уште повеќе, што покажа дека и одбранбениот систем на најсупермоќната држава е ранлив, и тоа на нејзиниот простор, кој последен пат во американската историја бил нападнат од англичаните во 1814 година, кога Вашингтон го изгореле до темел.

Ако терористичката акција поприми карактер на досега непримерен историски чин на терористичка продукција, тогаш воениот одговор на Антитерористичката коалиција не само што поприми карактер на контра-продукција во однос на актерите на глобалниот терор, туку, истовремено создаде и *нови просторни поместувања, со историско значење, во сферата на досегашните глобални гео-политички и воено-стратегиски влијанија и разграничувања на планетарниот простор*. Од тој аспект, состојбите и процесите кои ја карактеризираат воената контра-продукција, го потврдуваат фактот дека во функција на просторното ширење на „*глобализацијата*" целосно е активирана нејзината „*воена димензија*".[5)]

За прв пат во историјата на војните, бомбардирањето врз Авганистан на 7 Октомври 2001 година, го означи почетокот на *воената контра-продукција,* односно воениот поход против глобалниот тероризам од страна на најголемата и најмоќната до сега во историјата создадена Воена антитерористичка коалиција, предводена од најмоќната воена машинерија на САД. Оружените сили на САД и силите на сојузниците кои се вклучени во воената акција, формирани за водење на војни со други држави, за прв пат во нивната историја се ставени во состојба „да војуваат против *невидлив непријател*".[6))]

---

[5)] Поопширно за фундаментите на „*воената димензија*" на „*глобализацијата*" види во: Нацев З. - Начевски Р. „БЕЗБЕДНОСТ И НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА", Македонска ризница, Куманово, 2001, стр.223-234.

[6)] ) „*Le Mond Diplomatique", 11.2001.*

*„*Глобалната антитерористичка војна*" *- неограничена просторно и временски, во функција на „воената димензија" на „глобализацијата".*

- **Просторно неограничена**: откако ќе заврши војната во Авганистан, би започнала „втората фаза", односно, би се воделе воени операции во земјите кои ги кријат тајните мрежи на терористите: против Филипините (американските „стручнаци" веќе се присатни во оваа земја), Колумбија, Сомалија и други. Потоа би се поминало на „третата фаза": водење на операции против земјите на"Оската на злото" кои произведуваат или се во состојба да произведуваат средства за масовно уништување, С.Кореја, Ирак и Иран. Отука, контра-продукцијата има значење на воено обезбедување и контрола од страна на САД на новиот простор на „*глобализацијата*".

- **Временски неограничена:** елиминирањето или фаќањето на Бил Ладен и уништувањето на неговата меѓународна терористичка мрежа, американските стратези временски не ја ограничуваат, што остава простор за трајно присуство и по „избор" менување на воените дестинации на американското воено присуство на разни страни на планетарниот простор.

**НАТО во Централна Азија - нова геополитичка реалност.*

Повеќе од една деценија, во Централна Азија во тек е нова „голема игра", чија цел е пополнување на „стратегискиот вакуум"кој се создаде по фрагментацијата на Советскиот Сојуз. Военото присуство на Западниот воен сојуз во Авганистан и базирањето на неговите воени сили во петте држави од авганистанското окружување, претставува *воено запоседнување на крстопатот на трите клучни воено-стратегиски правци кои водат кон Кавказ, Кина и Сибир.*" Така, военото утврдување на овој простор, според анализите на стратезите претставува

нова историска *геополитичка реалност*, односно, ново просторно запоседнување на *„глобализацијата“*.[7)]

** Рекорден воен буџет и нова воена философија.*

Потребата од промена на американската воена стратегија министерот за одбрана на САД Рамсфелд Д., ја навести уште пред терористичкиот напад на американскиот простор, при тоа наведувајќи ги следните глобални причини и приоритети[8)]:

- оружените сили на САД не се доволно финасирани и прекумерно се ангажирани;
- „Светот се менува и доколку ние не се промениме, ќе се соочиме со нови закани кои не ги очекувавме и за кои нема да бидеме подготвени“[9)];

---

[7)] После 11 Септември со шах-таблата во Централна Азија доминираат воено-политичките фигури на САД. Военото утврдување на тој простор, фактички претставува прва епизода на борбата која претстои за преостанатите ресурси. Серијата тајни билатерални договори со републиките на Централна Азија и забрзаната изградба на воени бази се објаснувани како потреба за американското воено дејствување во Авганистан. Според Итар-ТАСС, повикувајќи се на извор од Пентагон од почетокот на Јануари 2002 година, во девет држави на Ц.Азија и во неколку други кои гравитираат кон тој простор, САД имаат распоредено 60 000 војници, кои од т.н. привремени аеродроми дневно изведуваат над стотина воени летови. Така создадената мрежа на воени бази, на САД не само што им овозможуваат да ја водат воената кампања во Авганистан, туку по потреба можат да дејствуваат и против цели во други држви во регионот. За барем делумно да ги зачува поранешните советски стратегиски позиции во регионот, Русија се обидела да го искористи новосоздадениот „комонвелт“ со поранешните републики, иницирајќи го потпишувањето на т.н. Ташкентски договор за колективна безбедност во 1992 година. Меѓутоа, во изминатиот десет годишен период на државите потписнички не им „тргнало од рака“ да создадат ефективен воено-политички сојуз. Русија не успеала на своите јужни сојузници да им понуди пример на политичка стабилност и економки развој. Како што е познато, „Исток“е рамнодушен на политички убедувања само на зборови. Над се ја цени силата и парите - нешто што Русија небила во состојба да им го обезбеди. Карактеристична е брзината со која сите членки на Ташкентскиот договор одговориле потврдно на американската понуда.

[8)] Поопширно види во: *Ројтерс*, 20.06.2001.

[9)] Исто.

- „Сугестиите дека пристапот на водење „*две речиси паралелни големи војни*" е отфрлен не се точни. Но, понатамошното конструирање на О.С. на САД кои бројат 1.4 милиони припадници да се подготвуваат за такви конфликти можеби повеќе не е потребно[10];
- „Неодложна е потребата за развивање на одбрана против се поголемата закана од истрелување проектили од непријателските држави како што се С.Кореја и Ирак и други закани, кои се движат од бесшумни подморници до сајбер-оружје и „тероризам" вклучувајки ја употребата на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје".[11]

Меѓутоа, американските стратези, чувствувајки го новото време како време кое бара соодветни промени во стратегискиот контекст за успешно спротивставување на новите извори и форми на загрозување на виталните национални и супранационални интереси, не ги предвидоа активностите на глобалниот терор (силите, средствата и разурнувачката моќ) на сопствената територија. Тоа беше непосреден повод за брз и соодветен одговор на глобалниот терор (контра-продукција), во смисла на брза промена и прилагодување на американската стратегиска мисла и практика на новото време. Од тој аспект, промените се ставени во функција на развојот на фундаментите на „*воената димензија*" *на стратегискиот контекст на капитал-системот*, "*глобализација*". Новиот воен буџет на САД од 379 млрд.$[12], кој во аналите на досегашните воени буџетирања е без преседан, треба да ги обезбеди следните воено-стратегиски приоритети на САД:

- ***неприкосновеност на сите видови на О.С. на САД***, кои во заедничкиот воен оперативен контекст ќе ја манифестираат проми-

[10] Исто.

[11] Исто.

[12] 3.5 млрд.$ се наменети за потребите на цивилната одбрана на САД, 38 млрд. $ за внатрешна одбрана од терористички напади а останатиот дел за радикална трансформација и модернизација на О.С. на САД.

нентноста на американската армиска воена структура во однос на другите земји[13];

- ***нова воена команда на САД.*** За прв пат во својата историја Пентагон формирал *Команда за одбрана на територијата на САД*, како сосема нова воена институција, но и како последица на терористичките напади на нејзиниот простор. Колку големо значење се дава на ново воспоствената Команда за одбрана на САД, во време кога се води безпоштедна борба против глобалниот тероризам, потврдува и фактот, што за командант е поставен генерал со четири звездички, кој е еднаков на положбата на врховниот командант на НАТО;[14]

[13] По урнувањето на Берлинскиот зид и фрагментацијата на Варшавскиот договор, стратезите на Пентагон развиле нова доктрина наречена *„Револуција на воен план"*. Во новата доктрина, секој вид на американската војска го прилагодува тој концепт кон себе и кон своите потреби: „СИЛА 21" за копнената војска, „НУЕВА ВИСТА" за военото воздухопловство, „СИ ДРЕГОН"за маринците, како и „ЧЕТВРТАТА ДИМЕНЗИЈА" која ја сочинуваат високо-технолошките информативни системи и вселенската технологија. Заедничката цел на новата концепција е: *во идните војни човекот да биде што подалеку од војувалиштето.* Војникот, пред се ќе биде поврзан со информативните системи и оспособен да води информациска војна. На Универзитетот за национална одбрана во Вашингтон, веќе се едуцирани првите генерации на „информативни војници". Отука, глобалниот тероризам ја обединиле новата американска воена доктрина со новиот воен буџет, токму во вистинското време кога светскиот тероризам станува глобален противник на САД и на *„глобализацијата"*.

[14] Одбраната на територијата на САД за прв пат има приоритет во рамките на насоките на амеррикансkата воена стратегија и директно влијае во одредувањето на буџетот за војската, бидејки одбраната на територијата е детерминирана како една од четирите главни воени планови, секако, вклучувајки гио и планот за Против ракетната одбрана. Меѓутоа, пред се, таа ги дефинира обврските на американските О.С. на внатрешен план во борбата против терорризмот, посебно во случај на опасности од употреба на средствата за масовно уништување.

Министерот за одбрана на САД, во Конгресот на САД, во почетокот на декември 2001 година, соопштил, дека званично, Доктрината од 1993 сеуште е важечка и дека императивот за истовремено водење на две војни не е променет. Новиот документ за воената стратегија на САД се дефинирани на главните приоритети на американските О.С. во наредниот четиригодишен период: ***заштита на американската територија; спречување на непријателските активности со заплашување дека ќе бидат употребени воените ефективи на САД распоредени во Европа, на Блискиот Исток, во Југозападна Азија, Североисточна Азија; американската војска да поседува капацитети за победа во една голема војна и да биде подготвена за распоредување на контигенти за спречување на воени конфликти од помали размери во други делови на светот.***

***- преиспитување на американската нуклеарна стратегија - нови оружени системи и цели.***

„Њујорк тајмс“, од 9.03.2002 година, објавил делови од доверливиот извештај, кој во јануари Пентагон му го упатил на Конгресот, во кој се прави анализа на *„новата американска нуклеарна стратегија“*, дефинирајки ги плановите за случај на воен судир а како можни противници, во колку би дошло до заострување на состојбите, се наведуваат: *Ирак, С.Кореја, Иран, Либија, Русија, Сирија и Кина.* Во тој контекст, на атомското оружје му се придава големо значење во идните одбранбени планови. Посебно се потенцира потребата од изградба на мали нуклеарни оружени системи способни да продираат длабоко под земјата со цел да ги урнуваат утврдените бункери, вклучувајки и такви кои служат како магацини за хемиски и биолошки оружја.Комбинацијата од офанзивни и дефанзивни, конвенционални и нуклеарни способности е неопходна како би се задоволиле барањата за спречување на опасностите кои се на повидок на прагот на 21 век...

**Заклучок**

Од експликацијата на трудот произлегува логично прашање но истовремено следи и соодветен одговор. Дали евентуалното фаќање или ликвидирање на Бин Ладен од него ќе создаде исламски идол? Дали апсењето и судењето ќе го забрзаат создавањето легенда за него и ќе го зголемат бесот на радикалните исламисти кон Запад? Ако биде убиен, тој ќе стане маченик за сите милитантни исламистички терористички групи. Ако остане жив , ќе продолжи со урнувачката терористичка практика. Но, што и да му се случи, терористичкиот удар врз територијата на САД истовремено ја промени планетарната гео-политичка карта во полза на глобалниот стратегиски контекст на капитал-системот, „глобализацијата“, во која клучната улога ја игра нејзината „воена димензија“.

(Рецензент: *Проф. д-р* Зоран Нацев)

## SUMMARY

Radko NACHEVSKI

After the terroristic atacks in New York and Washington on 11 September 2001, the global political, economic and military situation and processes on the planetary space, make the conclusion, that, after this event the world steps toward a new historikal global strategic development.

"The global terroristic action" against the greatest wordl power, caused not only counter-product, which means "global military reaction", but it has widely opened the doors of a new period of "spreading" the supranational strategic contex "globalization" and strengthening the leader position of USA in it.

***KEY WORDS:*** *terrorism, coalition, globalization, ideology, fundamentalism, strategy.*